Ванчо ЃОРЃИЕВ

# ОБИДОТ НА ПЕТАР ПОП АРСОВ ДА ГО ПОПРЕЧИ ПРОДОРОТ НА СРПСКАТА ПРОПАГАНДА ВО АЗОТ ВО 1895 ГОДИНА

Засиленото дејствување на српската пропаганда во деведесеттите години на XIX век во Велес и неговата околина Азот, го довела Петар Поп Арсов во почетокот на 1895 година во Велес.

По обединувањето на кнежевството Бугарија со Источна Румелија во 1885 година,[1] што било санкционирано со Топханенскиот акт од 5.IV.1886 година и неуспехот на Србија во српско - бугарската војна од ноември 1885 година,[2] српските владеачки кругови почнаа да ја истакнуваат потребата од „итна одбрана на српските интереси во Македонија од бугарските претензии спрема таа земја". [3] Во пракса тоа пак значеше засилување на спрксата пропаганда во Македонија, потоа взаемно проследување помеѓу овие две пропаганди и се разбира сето тоа на штета на македонскиот народ.

За да и парира на Егзархијата и воопшто на бугарската пропаганда во Македонија, Србија во 1890 година ги обновила преговорите со Грција кои со прекини траеле три години. Но преголемите апетити и на двете земји кон Македонија, во тоа време не дозволиле постигање на конкретен договор.[4]

---

[1]Международни актове и договори (1648-1918) съставила, Слава Стефанова, София, 1969, 170.

[2]Војната ја започнала Србија подтурната од Австро-Унгарија под изговор дека кнежевството Бугарија со обединувањето со источна Румелија го нарушила стстус-квото на Балканот.

[3]Љубиша Доклестиќ, Стпско-Македонските односи во XIX век (до 1897), Скопје, 1973, 247-248.

[4]Види Владан Ђорђевић, Србија и Грчка (1891-1893), Прилог за историју српске дипломације при крају XIX века, Београд, 1923.

Од српска страна, исто така, биле вложени големи напори за придобивање на Цариградската Патријаршија за соработка во Македонија,[5] а била развиена и мошне жива дипломаткса активност кај Портата за стекнувањ на привилегии за српската пропаганда во Македонија.[6]

Главни организатори на српската пропаганда во Македонија кон крајот на XIX век беа српските конзули[7] во Скопје, Солун и Битола,[8] кои своите инструкции ги добиваа директно од Министерството за надворешни работи на Србија.

Успехот на српската како и на другите пропаганди во Македонија се должел на матријалните издатоци наменети за просветните и верски потреби на македонското население, како и со финансирање на учители, свештеници и други проверени лица. Впрочем, таквите методи ги подржувале и српските конзули во Македонија, Кариќ,[9] Љотиќ,[10] и Боди,[11] зашто сметаа „дека кај Македонците не е развиена националната свест и оти нивниот двигател во приоѓањето на пропагандите главно е од материјалниот интерес, па затоа тие можат да бидат не само добири „Бугари" туку и добри „Срби" или „Грци".[12]

Своите први гнеззда српската пропаганда ги свиткала помеѓу македонските гурбетчкии во Србија за потоа постепено да се вовлече и помеѓу егзархистите во Македонија, особено помеѓу оние што ја беа прифатиле Егзархијата само заота што била словенска црква.

Особено интересно за српската пропаганда во Македонија било подрачјето во Велес со обаста Азот. Всушност, тука требало да се поврзе дејствувањето на пропагандата во јужна, југозападна и северна Македонија. Како бази за разгранување на својата дејност во Велешката каза биле икористени селата Рудник и Башино-Село кои, уште во седумдесеттите години на XIX век, одржувале врски со Србија.[13]

Според Стефан Аврамов, српската пропаганда во 1882 година во селото Рудник успеала да го направи „прав Србин" свештеникот Христо „човек алчен за злато и без секаков морал".[14] Тој уште истата

---

[5]Љ. Доклестиќ, цит. дело, 259-266.

[6]исто, 266-277.

[7]Архив на Македонија, фонд: „Велешка бугарска митрополија", натаму (АМ.Ф.ВБМ.) Д.VII/2, ае. бр. 3, л. 1, и Д.VII/2, ае. бр. 10, л.2

[8]Српските конзулати во Солун и Скопје биле отворени во 1887 год. а во Битола во 1889 г.

[9]Владимир Кариќ го раководел српскиот конзулат во Скопје од 1889-до 1892 година, Љ. Доклестиќ, цит. дело, 289, фуснота 889.

[10]Влада Љотиќ, конзул во Солун (1890-1893), исто, 289.

[11]Димитрие Боди, бил на чело на српскиот конзулат во Битола од 1889 до 1895 година. исто, 289.

[12]исто, 309

[13]исто, 309-391.

[14]Революционии борби въ Азотъ (Велешко) и Порьчието, отъ Стефанъ Н. Аврамовъ, София, 1929, 27.

година посрбил неколку чорбаџии во с. Рудник и во Башино-Село. Истата година и родното село на Петар Поп Арсов било засегнато од српската пропаганада. Таму[15] по Христо, наговарен од богомилските печалбари, станал србоман и повлијаел врз неколку првенци да го сторат истото. Веќе во 1886 година во Богомила било отворено српско училиште.[16]

Богомила како нахиски центар била мошне важен пункт за да се завладее од србоманите. Во прво време децата не го посетувале српското училиште но, откако биле заплашени нивните родители дека „ако не го сторат тоа, не ќе ги допуштата на гурбет во Србија",[17] тогаш поголемиот дел од селаните станале србомани. Од Богомила српската пропаганда со помош на нахискиот мудир[18] почнала да се шири и во другите села на Азот.[19]

Иако пенетрацијата на српската пропаганда во овој дел на Македонија била мошне силна, таа сепак наидувала на пасивен отпор кај населението. Еден од начините на спротиставување бил и непосетувањето на училиштата.[20] Токму затоа во српското училиште во Велес биле доведувани ученици од „селата на Поречието, албанчиња од Призрен и од Србија" за да „видат туѓинците - минувачи дека во Велес има српско училиште".[21] Друг начин на отпор спрема пропагандата биле и разните жалби и поплаки до османските локални и централни власти. Но и тоа не дало никакви резултати бидејќи османлиите, кога се работело за пропагандите на соседните држави во Македонија во дадена каза, постојано ја помагале послабата страна за сметка на посилната и второ тие подлегнувале на подмитување.

Карактеристичен пример за колаборацијата на српската пропаганда и локалните османски власти ни дава една жалба до велешкиот кајмакамин во која се вели дека двајцата агенти на српската пропаганда од селото Теово, Ристо Ангеле и Димко Скендер, на 23.III.1895 год. (ст. стил) дошле во Богомила и се советувале со мудирот. Веднаш потоа тие се здружиле со уште тројца[22] жители од Богомила и заедно се упатиле за Теово каде, откако било одбиено да им се предаде селската црква, го малтертирале селскиот поп и служител а потоа насилно влегле во црквата.[23]

---

[15]Дотогаш во с. Богомила имало двајца егзархиски свештеници: поп Ангел и поп Христо, Революциони борби в Азотъ ... 27.

[16]исто, 28.

[17]исто, 29.

[18]исто.

[19]За отворањето на српските училишта во 80-90 години на XIX век повеќе види: Љ. Доклестиќ, цит. дело, 425-426.

[20]Крајничанец Иван, Автобиографија, (1869-1942), (препис од оригиналниот ракопис), Архивско одделение на ИНИ, Скопје, сл. IV.165, 24.

[21]Революционни борби въ Азотъ ..., 30.

[22]Тоа биле: поп Христо, Тодор Ѓеро и Алексо Најдо, АМ. Ф. ВБМ. Д. VII/1, а б, исх. 591.

[23]исто.

Во една друга жалба се вели дека патријаршискиот поп Ѓоре од с. Богомила на 11/23.V.1895 год. го истерал егзархискиот свештеник во селото Мокрино и служел „божја служа на српски начин˝.[24] Селаните на Богомила во февруари истата година се пожалиле до мудирот на истоимената нахија „дека српските агенти го тераат народот со сила да бидат срби˝.[25] Османските влсти наместо да превземат соодветни мерки против таквата појава во нахијата, напротив побареле да се смени учителот во Богомила Трајко Кантарџи кој, според нив, „шири смут помеѓу населението˝.[26] За соработката помеѓу претставниците на српската пропаганда и мудирот на нахијата Азот сведочи уште една жалба од 9/21.III.1895 година во која стои дека „српските агенти безаконито и со помош на мудирот˝... го тераат народот да бидат срби˝.[27]

При една таква парманентна агресивност на српската пропаганда егзархиските учители кои биле изложени на разни шиканирања и напади,[28] биле принудувани на бегство а училиштата по наговор на србоманите биле затворани.[29] Под истиот удар се нашле и свештениците кои, исто така, почнале да ги напуштаат селата,[30] бидејќи србоманите почнале да посегаат врз црквите и манастирите.[31] Дејствувањето на српската и бугарската пропаганда доведе до подлеба на населението на „србомани и бугараши ... брат против брат, син против татко˝.[32]

Согледувајќи ја таквата состојба во својат аепархија велешката митрополија од своја страна почнала да испраќа протести до османските власти. Така бил испратен протест до велешкиот кајмакамин,[33] до валијата,[34] и до Великиот везир.[35] Меѓутоа, таа не се задоволила само со протестите туку почнала да бара поконкретни начини за спротиставување на српската пропаганда и одбрана на своите интереси. За сета

---

[24]исто, исх. 786.

[25]исто, Д.VII/2а, исх. 196.

[26]исто, Д.VII.ае. бр. 23/1.

[27]исто, Д.VII/2а, исх. 404.

[28]Така во с. Теово бил нападнат егзархискиот учител од србоманот Стојан Зрле на сред бел ден пред учениците. АМ.ВБМ. Д.VII. бр. 31 и Д. VII/2, ае. бр. 12, л.2.

[29]На еден таков начин било затворено училиштето во Богомила. АМ.ВБМ., Д.VII/2. ае. бр. 3/3. Училиштето во Богомила било долго 12 метри и 26 см., широко 7 м., високо 4м. истото изградено од тврд материјал. Неговата вредност била 10.000 гроша, тоа било изградено од заеднички средства на егзархистите и патријаршистите чиишто вкупен број изнесувал 890 души, од кои сега (1895 б.н.) само седум семејства останале под Егзархијата. Поради тоа велешкиот кајмакамин Сеид Сулејман Хивзи на 2/14.XII.1895 г., наредил на егзархистите да им се вратат парите. АМ.ВБМ.Д.VII/2 ае. 3/5.

[30]АМ.Ф.,ВБМ.Д. VII/2,ае. бр. 12.

[31]Во с. Теово двајца србомани сакале да соберат потписи од населението, со цел да го заземат манастирот Согле, ВБМ. Д.VII/1., ае. бр. 12, л.3.

[32]П. Росенъ, Прѣзъ Азотъ, Македония, I/VII, София, 1922, 34.

[33]АМ.ВБМ., Д.VII/2, ае. бр. 7, л.1.

[34]АМ. ВБМ., Д. VII/2, ае. бр. 8, л.2.

[35]исто, ае, бр. 9, л.2.

состојба бил известен егзархот Јосиф и било побарано совет од него. Тој од своја страна со послание од 9/21.XII.1894 година го овластил миторполитот Авксентиј да одбере „особен чиновник" кој ќе застене против дејствијата на српскат апропаганда.[36]

Во согласност со тоа упатство од егзархот, еперхиската управа на велешката митрополија направила обиди за изнаоѓање на соодветна личност но никој „не се решил да ја прифати таа должност", а во меѓувреме с. Богомила „речиси цело се префрли на страна на србоманите".[37] Токму затоа за неопходно се нашло да се „повика од Солун г. (осподин б.н.) П.П. Арсов и на него да се наложи таа должност".[38] Притоа се мислело дека Петар Поп Арсов со својот авторитет и преку своите роднини и пријатели ќе повлијае кај населението за да се врати под закрила на Егзархијата. „Иако само неколку месеци пред тоа го беше отпуштила од сужба во Солунската гиманзија",[39] Егзархијата го избрала Поп Арсов за таа мисија токму поради неговата настроеност поротив попагандите во Македонија што таа сакала да го искористи за свои цели.

Повикан од Солун за нему „непозната работа" од страна на Езгархијата, Петар П. Арсов пристигнал во Велес на 15/27.II.1895 година.[40] Сигурно е дека тој не дошол во Велес само поради поканата од Егзархијата. Иако не располагаме со изворен материјал за тоа, претпоставуваме дека тоа било сторено во согласност со ЦК чиј член, а по се изгледа и секретар, во тоа време бил.[41] Тоа било направено за да се зацврсти организационата мрежа во Велес а во истовреме да се попречи раздробувањето на народот од страна на српската пропаганда. Па така, поканата од Егзархијата би послужила само како добра маска за легализирање на негоиот престој во Велес.

Откако пистигнал во Велес, Петар П. Арсов најпрвин се сретнал со митрополитот Авксентиј а пота заминал за родност село Богомила каде што се задржал четири дена.[42] Целта на тоа патување била Поп Арсов подблизу да ги испита причините за појавата на српската пропаганда како и да се направи обид да се одврати населението од неа. Во тоа време во борбата против пропагандата во Богомила се истакнувале:

---

[36] исто, Д. VII, бр. 33.

[37] исто

[38] исто.

[39] Петар Стојанов, Петар Поп Арсов во национално револуционерното движење на македонскиот народ, Скопје, 1963, 112.

[40] АМ.ВБМ. Д.,VII/1а.

[41] Спомени на Дамян Груевъ, Борисъ Сарафовъ, Иванъ Гарвановъ, собщава Љ. Милетичъ, София, 1927, 18.

[42] АМ. ВБМ., Д. VII/1а.

Андреја Поп Арсов[43] (брат на Петар П. Арсов), Најдо Лилјак, Георги Чикабев, Павел Чикабев и свештеникот Ангел.[44]

По враќањето од Богомила, Поп Арсов како главна причина за појават ана српската пропаганда во Азот го посчува печалбарството во Србија, кое се развило поради неплодноста на земјата во Азот. Меѓу другото тој истакнува дека првиот човек што го направил обичајот да се оди на печалба во Србија бил некојси дедо Мирче, кој поради тоа бил наречен **„с р б о т"** (подвлекол П. П. Арсов).[45] Понатаму тој истакнува дека сега (1895 г. б.н.) бројот на **„с р б ј а н и т е"**, (под. П. П. Арсов) (така се нарекуваат оние што јабанџуваат во Србија заб. на П. П. Арсов) е многу голем. „Речиси секоја куќа има по еден или неколку, србјани".[46] Поп Арсов го проучил и јазикот кај населението и утврдил дека **„говорот на граѓаните ја држи средината помеѓу велешкиот и прилепскиот"**, (подвлекол В. Ѓ.), врз основа на тоа тој заклучува дека печалбарите и српските учители не успеале да остварат никакво влијание врз јазикот на населението. Интересот на П. П. Арсов за проучување посебноста на македонскиот јазик од соседните словенски јазици е продолжение на тенденцијата пројавена во списанието „Лоза". Всушност, тој сега овде - во Азот, со докажување на посебноста на јзаикот кај македонскиот народ веројатно сакал да и се спротистави на српската пропаганда.

И покрај тоа што се зачувала чистотата на јазикот, тој истакнува дека пропагандата успеала да го претвори духот на народот во „српски". П. П. Арсов, заклучува дека токму на печалбарството се должи успехот на српската пропаганда и покрај тоа што е скриена под „булото на омразенот грцизам".[47] Како втора причина за проширувањето на српската пропаганда тој ја посочува локалната османска власт која „јавно помага, на пропагандата, откако ги присилува селнаите да се пишуваат под Патријаршијата".

На враќање од Богомила Петар П. Арсов се задржал во анот во с. Теово каде разговарал со еден заптија од богомилската нахија. Нему му ги предочил злоделата на локалните османски власти и репресалите што тие ги преземале над населението за да се поврати под Патријаршијата[48] и потоа би станало лесен плен на српската пропа-

---

[43] Андреја Поп Арсов во текот на 1907 година од србоманите бил принуден да ја напушти Богомила и да замине за учител во селото Ореше; тој ја водел борбата против српскат апропаганда во овој крај се до 1918 година кога бил убиен од Србите. Револуциони борби въ Азот ..., 28-29.

[44] исто, 28.; за истото види : АМ.ВБМ., Д.VII/1, а.3

[45] АМ. ВБМ., Д. VII/1а, Според Петар П. Арсов тоа било пред 60-70 години, што значи некаде во првата четвртина на XIX век.

[46] исто, Д. VII/1а.

[47] исто.

[48] исто.

ганда. Поп Арсов изразил чудење како можат османските влсти да ја подржуваат српската пропаганда кога нејзините агитатори јавно проповедале дека потпишаните под Патријаршијата ќе бидат под управа на српскиот крал Александар. Српскат пропаганда при агитацијата се служела со разни ветувања од кои Поп Арсов ги издвојува: „намалување на бегликот на 3,5 гроша, беспалтно патување по железницата за Србија, беспални српски учители и учителки, преполување на данокот за крштевање, венчавање, погреб и сл´´.[49]

На поканата од Поп Арсов селаните одново да се вратат под Егзархијата тие му одговориле „ дека не можат, против судот кој сами ги терал да се пишат под Патријаршијата´´.[50] Сепак, десетина куќи во Богомила се повратиле повторно под Егзархијата.

За да не стане сомнителен неговиот престој во Велес, Петар П. Арсов на 4/16.III.1895 година поднесол молба до Велешката митрополија да биде назначен за секретар или учител при митрополијата.[51] Митрополијата со акт бр. 459 од 6/18.III. го известила дека го назначува за ,,секретар-инспектор на училишниот оддел´´[52] при Велешката митрополија. Меѓутоа, како голем критичар на Егзархијата и воопшто на бугарската политика спрема Македонија, Поп Арсов не загризал на егзархиската јадица која се обидела неговите настојувања против српската пропаганда да ги канализира во своја корсит. Напроти, тој „сакал да ја проучи и да и се спротистави на српската пропаганда во Азот од позициите на самостојност на револуционерна борба на македонскиот народ´´.[53] Оттука судирот со Егзархијата бил неминовен.

Својот престој во Велес П.П. Арсов го користел за агитација помеѓу граѓаните и интелигенцијата за ширење на идеите на Македонската Револуционерна Организација и секако дека ги кординирал акциите на селата во Азот за одбрана од србизмот. Првата група за револуционерна работа во Велес организирана од Поп Арсов, спроед Никола Зографов, ја сочинувале: Велко Думев, Андреја Коробаров, Трајче Христов, Иван Панче Варналиев, Димче Зеков и Диме и Јордан Варналиеви.[54]

За време на велигденската ваканција во 1895 год., Поп Арсов во Велес се сретнал со Гоце Делчев и Туше Делииванов кои биле на пат од Штип кон Солун и Кукуш.[55] Притоа биле разменети мислења за

---

[49] исто.

[50] исто, Сето тоа Поп Арсов го напишал по враќањето од својата обиколка во Азто на 25.II.1895 год. по стариот стил.

[51] АМ. ВБМ., Д. VII/1, бр. 33, вх, 264, л.4.

[52] исто, л.5.

[53] П. Стојанов, цит. дело, 112.

[54] Никола Зографовъ, Строежа на живота, София, 1927, 54.

[55] Христо Андонв Полјански, Гоце Делчев, Пула, 1985, 50.

постигнатите успеси по револуционерното дело во Велес и Штип, тогаш тој истакнал дека „и тука (Велес б.н.) нема да останеме поназад".[56] Поп Арсов изразил верување дека организацијата во Велес ќе се развие и зацврсти, но се пожалил оти „интелигенцијата во тој град тешко се превиткува: безброј поделби на социјалисти, анархисти и др. макар што сите се добри момци".[57]

Сигурно дека на оваа средба станало збор за дејствувањето на српската пропаганда во Велешко и за обидот на Егзархијата да го искористи спротиставувањето на Поп Арсов против неа за свои цели. На таков заклучок упатува оставката што ја поднел Поп Арсов на својата должност при митрополијата набрзо по средбата со Гоце Делчев и Туше Делииванов.

Егзархијата од своја страна, согледувајќи ја непокорливоста и самостојната дејност на Поп Арсов, го „денунцирала... како, нездрав човек за Турција, а од друга страна како, турски шпион пред велешани".[58] Во вакви околности неприкосновениот борец против претенденитите на Македонија, човекот којшто „критикува секаква власт" и убеден во „можноста Македонија одделно да постои од Бугарија под форма на автономија или друга управа"[59] на 21.IV/3.В.1895 г. поднесол оставка на должноста секретар-инспектор на училишниот оддел при Велешката митрополија. Во оставката како причина ја наведува „неопределеноста на должноста"[60] со која бил натоварен. Митрополијата го разрешила од должноста со акт бр. 712. од 28.IV/10.В.1895 година.[61] Митрополитот Авксентиј во едно писмо до Егзархот Јосиф не се осмелил да ги изнесе вистинските причини за разидувањето со Петар Поп Арсов, тој дури не спомнува дека самиот поднесол оставка туку едноставно тоа го сведува на причини од економски карактер за што вели „за да се направи една економија, јас го ослободив г. П.П. Арсов од наложената нему мисија".[62]

За време на својот престој во Велес Поп Арсов не успеал многу да попречи на отвореањето на српските училишта,[63] а како и би можел кога веќе на 18.VI.1895 г. било издадено царско ираде за слободно отварање на српски училишта.[64]

---

[56] Крум Христов, Гоце Делчев, София, 1955, 96.

[57] Х. А. Полјански, Гоце Делчев во спомени на современиците, Скопје 1963, 44.

[58] АМ. ф. „Бугарско трговско агентство - Скопје", кутија, 3, извештај број 114.

[60] АМ. ВБМ., Д. VII/1, бр. 33, л.6.

[61] исто, л.7.

[62] исто, л. 8-9.

[63] Тодор П. Станковић, Белешке о старој Србији - Маћедонији, Ниш, 1915, 135.

[64] Климент Џамбазовски, Културно-општествените врски на Македонците со Србија во текот на XIX век, Скопје, 1960, 240.

Сепак под негово влијание во Богомила десетина куќи се вратиле под Егзархијата,[65] истото во летото 1895 год. го напарвиле и неколку жители од селата Орехово,[66] Теово,[67] Башино-Село[68] и други.

По напуштањето на Велес и нселувањето во Прилеп во учебната 1895/96 година, во Азот и околината како голем борец против српската пропаганда се истакнал неговиот брат Андреја Поп Арсов.

Ghorghiev Vanxho


## Summary

### The try of Petar Pop Arsov to prevent the breakthrough of teh Serbian propaganda in Azot in 1895

The strenghten breakthrough of the Serbian propaganda during the last decade of the XIX century on Azot endangered the interests of the Bulgarian Exarchate. The Exarchate in order to oppose the Serbian propaganda called from Salonica Petar Pop Arsov, an ardent fighter against the foreign propaganda in Macedonia.

Petar Pop Arsov had arrived in Veles in the Beginning of March 1895 and he immediately began to study the reasons for the emergency of the Serbian propaganda. So he established that the basic reasons were of economic nature. However Pop Arsov noticed that in spite of the strong ingluence of the Serbian propaganda in Azot, the language of the people remained unchanged and it was in the middle between the Veles and Prilep subdialects. In fact he wished to point to the unique of the language as the most powergul weapon agaist the Serbian prpaganda.

After the collision with the exarchate metropoliten's diocese of Veles which wanted to use the work of Petar Pop Arsov for its own aims, he left his duty at the Veles parish and soon afterwards he left Veles.

The results of his three months lasting activity in that field were quite modest.


---

[65] АМ. ВБМ., Д. VII/1а.
[66] исто, Д. VII, ае. 16/3.
[67] исто, Д. VII/1аб, исх, 1053.
[68] исто, Д. VII, ае. бр. 6/1.